СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 1996 година

Скопје, декември 1996 година

**57-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 24.12.1996 ГОДИНА**

1. КИРО ГЛИГОРОВ, претседател на РМ, излагање за актуелната и внатрешна и надворешна позиција на Република Македонија и правците на наредната активност

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ ОД ПЕДЕСЕТ И СЕДМАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 24 ДЕКЕМВРИ 1996 ГОДИНА

Седницата се одржа во сала 1, со почетокот во 12,05 часот. Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Трајков, Ристо Николовски и Ванчо Чифлиганец ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на сеницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата присуствуваат и претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, (аплауз), претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, (аплауз).

Го поздравувам и присуството на дипломатскиот кор во Република Македонија. (аплауз).

Го молам претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров да му се обрати на Собранието.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (прилог)
Претседател на Република Македонија )

Почитуван господине Претседателе,

Почитувани пратеници,

Дами и господа,

Минатата година поради случајот кој ви е познат, не бев, за жал во можност да се обратам на Собранието со моето видување на надворешната и внатрешната ситуација, имајќи, се разбира, во предвид она " што од Уставот произлегува како моја надлежност.

Затоа дозволете ми денес, во рамките на моите уставни надлежности, да ви се обратам и да ги искажам оценките за актуелната внатрешна и надворешна позиција на Република Македонија и да кажам нешто и за правците на наредната активност.

Република Македонија денес е дел на новата балканска реалност. Релевантен фактор е на мирот и стабилноста во регионот и рамноправна членка на меѓународната заедница. Покажавме дека независноста и територијалниот интегритет на нашата земја ставаат точка на историските причини за конфликти и војни на југот на Балканот.

Зад нас е веќе еден заокружен период од зацврстување на независноста и остварувањето на клучните промени во демократскиот, правно - политичкиот и економскиот развој. Република Македонија во изминатите шест години ја зацврсти својата позиција во меѓународните институции и организации, ги воспостави темелите на пазарната

економија и ги забрза стопанските реформи, по еден радикален пат, ја воспостави и зацврсти правната држава и парламентарната демократија и се потврди како фактор на мирот и стабилноста во целиот регион.

I

Како резултат на сето тоа политичко - безбедносната положба на нашата земја станува се постабилна.

Приемот во Обединетите нации, ја зацврсти нашата положба во меѓународната заедница и го забрза вклучувањето на Република Македонија во меѓународните и особено европските асоцијации. Тоа ги унапреди и односите и соработката со повеќе земји на билатерален план. А, што е mногу значајно, ги потврди и принципите на нашата надворешна политика, пред се, за развој на добрососедството и за долгорочната интеграција во евро - атлантската, економско- политичка и безбедносна структура.

Како рамноправен член на Обединетите нации нашата земја активно се вклучи во најважните глобални прашања, а за оние од посебен интерес за нашата земја и регионот покренавме и сопствени иницијативи: Резолуцијата за соработката на Балканот и Резолуцијата за ненасилно менување на границите, кои добија широка меѓународна поддршка се јасен доказ за тоа. Кандидатурата за непостојана членка на Советот за безбедност за 1998/99 година, која е во тек, е резултат токму на таквата наша спремност да придонесуваме и на глобален план за

унапредување на меѓународните односи на мирот и активноста на Обединетите нации.

Нашата земја остварува добра соработка со бројките меѓународни организации од системот на Обединетите нации, посебно тие од економско - финансиската сфера. Тоа е значајно особено заради решавање на проблемите на таканаречениот транзицнони прашања.

Во овој период многу значајна беше улогата пгго ја одигра и превентивната мисија на Обединетите нации (УНПРЕДЕП) во нашата земја, чиј мандат е продолжен до мај идната година. Ние ги повикавме овие сили, проценувајќи дека е тоа во интерес на мирот и стабилноста на целиот регион. Сега треба да го преоцениме нивното натамошно останување. Наште согледувања, во овој момент, покажуваат дека сеуште се присутни причините заради кои Обединетите нации и натаму треба да се ангажираат во Македонија. И дека, евентуалното брзо повлекување на УНПРЕДЕП може да има шггетни последици. ОН, и одделно некои членки на Советот за безбедност кои ја застапуваат идејата за прекин на превентивната мисија во Македонија мора одговорно да ги согледаат тие причини.

Позитивно ја оценуваме и досегашната мисија на ОБСЕ во Република Македонија, како и иницијативите за нејзино идно поинакво претставување и присуство во нашата земја.

Со зачленувањето на Република Македонија во Организацијата за безбедност и соработка во Европа и во советот на Европа и со формалното потпишување на Финалниот акт на КЕБС од Хелсинки и

Париската повелба, нашата земја конечно го зазеде своето рамноправно место во Европа и светот.

Утврдувањето на спогодбата за соработка со Европската унија, со која се регулираат меѓусебните трговски и финансиски односи, се наоѓа пред потпишување. Таа е најнапред парафирана, а следи една административна процедура која треба да доведе до конечно потпишување и до стапување во дејство за нас оваа многу значајна Спогодба. Со неа е отворен патот кон нашето асоцирање, а потоа веруваме и зачленување во заедничкиот европски дом.

Исто така, со пристапувањето кон проектот " Партнерство за мир", нашата земја се приклучи кон системот на колективна безбедност на северно - атлантската алијанса. Следната етапа на тој пат, зачленувањето во НАТО, што е трајна политичка определба на нашата земја, останува да се реализира во наредниот период. Тоа, секако ќе зависи не само од нас, туку и од повеќе меѓународни околности и од концептот на натамошниот развој на НАТО.

Со еден збор, определбите на Република Македонија за зачленување во Европската унија и НАТО се трајни. Инаку, ние немаме илузии дека зачленувањето во овие организации ќе се случи денес. меѓутоа, мислам дека можеме со право да очекуваме овие процеси да се одвиваат што е можно попринципиелно, врз јасни стандарди и со поголема извесност. Односно, со што помали потреси и ризици, не само за нашиот развој и безбедност. туку и за развојот на регионот. Тука мислам не само на календарот за прием на одделните кандидати во

Европската унија и НАТО, туку и за некои не до крај јасни приоди, како на пример регионалниот, кој може негативно да се одрази врз општиот концепт на Европската унија и НАТО. Исто така, ние не можеме да прифатиме ниедна друга земја, развојот на нашата соработка со Унијата да го условува со претходно остварување на нејзините сопствени интереси и аспирации.

Дами и господа,

Денес Република Македонија е призната независна и самостојна држава од сите земји во регионот и со сите нив има воспоставено дипломатски односи. Од историска гледна точка, од гледна точка на иднината на нашата земја ова е крупен историски факт. Би можело слободно да се говори за историското значење на ова, но сега би сакал да се осврнам само на некои политички аспекти на односите со соседите.

Нашата трајна определба за добри односи со сите соседи е базичен принцип и цел на нашата надворешна политика. Нашите напори за воспоставување и регулирање на односите со земјите од непосредвото и блиското соседство почиваат врз убедувањето дека на тој начин уште на самите наши граници градиме атмосфера на разбирање и меѓусебна доверба. Тоа се неопходни предуслови за секаков вид соработка и наш придонес за мирот и стабилноста во регионот и пошироко.

Веднаш по распаѓањето на поранешната СФР Југославија меѓусебно се признавме со сите новосоздадени држави, освен со СР

Југославија. Тоа во тој период одигра позитивна улога на неширењето на војната и на уредувањето на новите односи во овој регион. Подоцна, тој процес доби нови квалитети, особено со постигнатото примирје во Босна и меѓусебното признавање со СР Југославија. Денес во таканаречениот постдејтонски период, најважното прашање за регионот е овој Договор целосно и доследно да се имплементира. Македонија, како и досега, активно ќе придонесува во границите на своите можности за мирољубивиот процес, гледајќи во тоа и гаранција за сопствената безбедност. Второто значајно прашање за регионот е сврзано за сукцесијата на поранешна СФРЈ . Во врска со тоа, досега оствaривме корисна соработка со Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина врз принципот дека сите новонастанати држави се рамноправни наследнички на СФРЈ. Прашањето на Косово, односно неговото што поскоро разрешување, врз демократска основа, и со почитување на принципите за неменување на границите по пат на сила, е исто така многу значајно за стабилноста на регионот. Ние јавно се залагаме тоа да се реши по пат на политички дијалог меѓу Белград и Приштина и со заемно прифатливи решенија.

А, сега, дозволете ми одделно да се задржам на нашата соработка со останатите соседи.

Нормализацијата на <u>односите меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија,</u> со потпишувањето на Спогодбата, отвори можности за нормално одвивање на рамноправна и заемно корисна соработка. Во тие рамки уверен сум дека ќе дојдат до израз постојните интереси за договорно регулирање и унапредување, особено

на економската соработка меѓу двете земји. Со максимално искористување на традиционалната економска, сообраќајна и друга поврзаност меѓу двете земји, а сообразно со новонастанатите услови за развој на националните економии на едната и другата земја, како и нашиот статус во меѓународните економски организации и на светскиот пазар се тоа се елементи за една долгорочна и пријателска соработка Исто така очекуваме, во духот на постигнатата Спогодба, конечно да се доврушат работите околу утврдувањето и одбележувањето на македонско - југословенската граница. Тоа е крупен и непосреден интерес . Со тој чин се завршува процесот на утврдувањето на меѓународно признатите граници и тоа е веќе само по себеси елемент на внатрешна и надворешна стабилност. Тоа не е само наш интерес, туку и прашање за поширокатa стабилност на Балканот. Верувам дека по пат на преговори успешно ќе дојдеме до заедничка солуција. Ние сме за тоа спремни.

Односите со СР Југославија, како и односите со сите други соседи и натаму ќе ги изградуваме со заедничка грижливост и врз принципиелни основи. Бидејќи тоа е најдобрата алтернатива врз која ефикасно губат основа сите останати од балканските анахронизмв и општо државни апетити.

Веќе може да се говори дека <u>односите и соработката со Република Албанија</u> почиваат врз заедничките интереси на сите полиња. Нашите народи историски се упатени на меѓусебна соработка и комуникација.

Затоа сметам дека не се од полза застоите во нашите меѓудржавни односи, особено отсуството на неопходната договор за регулатива. Застоите предизвикани од влијанијата на одделни радикални политички фактори, со барања да се условуваат и кочат односите и соработката, се тоа заедно е спротивно на виталните интереси и на Албанија и на Република Македонија.

Затоа и овој пат сакам да повторам дека унапредувањето на положбата и правата на припадниците на албанската националност, како и на сите националности во Република Македонија, е наша уставна грижа и обврска и е во согласност со меѓународните стандарди. Врз тие основа се остварува и активната политика за унапредување на правата на националностите во сите области. Ние не можеме да прифатиме нити кршење на Уставот, ниту мешање во внатрешните работи.

Ние сме вистински заинтересирани и за пријателство и најширока соработка и со соседна Република Бугарија соседот кој меѓу првите ја призна независноста на нашата Република . Во изминатите пет години се регистрирани значајни резултати во меѓусебната соработка од взаемен интерес. При тоа би сакал со задоволство пред вас да ја одбележам и поддршката што ни беше дадена од бугарска страна во услови на економски блокади

Сето тоа ги потврдува долгорочните интереси и покажаната спремност двете земји да се развиваат во новата балканска политичка реалност што пошироки односи . Токму заради тој факт би сакал да

подвлечам дека е сега најдобриот момент одговорните државни фактори во Бугарија, со должниот реализам да ги надминат и преостанатите резерви и проблеми во односите кон Република Македонија. Одржувањето на познатите негаторски тенденции во однос на самобитноста на македонскиот народ , на јазик и култура, се тези што не само Европа не може да ги разбере и штоо навистина ги надраснало времето, туку и другите земји и народи. Тие измислени кочници на развојот на односите меѓу двете земји како што е таканаречениот, јазичен проблем,би можеле да им нанесат огромна шггета на нашите идни односи. И затоа, крајно време е да се почитува фактот дека македонскиот народ има неприкосновено право тој , исклучиво и самиот тој, да си ја определи, впрочем како што и ја определил, својата национална припадност, јазик и култура.

Кога говорам за односите со Албанија и Бугарија, дозволете ми да ја искористам оваа трибина за официјална промоција на нашите предлози за заклучување на меѓудржавен договор за пријателство и соработка, како и соодветни договори за зона на слободна трговија, одделно со секој од овие наши соседи. Вакви документи, какви што имаме потпишано со други земји, на пример со Словенија, Босна и Херцеговина, сега се преговара со Хрватска сигурно дека ќе делуваат позитивно за унапредувањето на вкупната билатерална соработка, а ќе и служат и на идејата на балканската соработка и меѓусебни разбирање.

Би сакал кратко да се задржам и на македонско - грчките односи. Од многу аспекти погледнато, на потпишаната Времена спогодба во

Њујорк влеговме во квалитетно нова и позитивни односи во етапа која во меѓусебните односи нема да имаат некои такви пречки како што беше во минатото, а границата е отворена. отворени се и унапредени можностите за културна соработка. Тоа ја подобри атмосферата меѓу двете земји и сознанието дека лошите искуства од изминатите години донесоа многу штети и на двете страни.

Ние не ги затвораме очите и пред преостанатите проблеми во односите со Грција. Притоа остануваме реални оптимисти дека во атмосфера на конструктивни разговори, во рамките на Обединетите нации и со посредникот Сајрус Венс. врз принципиелна основа. ќе ја надминеме разликата во врска со името на нашата земја. Тоа, како што се покажа. е сложена работа. Особено кога позициите на двете страни сеуште се дијаметрално спротивни. Ние сме убедени дека правото и правичноста е на нашата страна во тој многу чувствителен проблем за нас, за нашиот народ. за нашето минато и нашата иднина. Затоа се залагаме дефинитивно да пресетнат ирационалните барања и притисоци од било каде за кои нам. на граѓаните на Македонија, на македонскиот народ да не ни се попречува својата сопствена земја да ја викаме онака како што е нејзиното единствено вистинско и вековито име а тоа е - Република Македонија, и тоа и дома и во светот. Апелираме до демократската јавност во светот. а пред се во соседна Грција, да не поддржат во ова наше залагање, тоа не е упатено против било кого, туку е во интерес на стабилноста на овој дел од Европа.

Почитувани пратеници,

Во досегашниот период. како принципиелни и плодотворни се потврдија следните две определби на нашата надворешна политика во регионот на соседството: принципот на еквидистанца ако правило на еднаква готовност од наша страна за добра соработка со сите соседи, како и грижата за разрешувањето на сите проблеми на македонското национално малцинство во соседните земји, врз основа на меѓународните принципи и стандарди. Овие определби, наспроти одделни критики и поинакви интерпретации во земјата и во странство на принципот на еквидистанца не се покажаа како реални и затоа ние продолжуваме со таа ориентација и нејзиното животворно дејство и остануваме на оние перспективи кои една таква успешна соработка ја пружаат не само за овој дел на Балканот туку и за целиот Балкан и за иднината на Балканот во реките на заедничкиот европски дом. Во тој контекст е и нашата определба за мултилатералната соработка во регионот. Овде ги имам предвид проектите за поврзување на земјите од регионот со коридорот Исток - Запад, нафтоводот, гасоводот и сл. Притоа постојано ќе се раководиме од нашите гледања за регионалната соработка како дел на европеизацијата на Балканот а не само како некоја конкретна економска или друга корист од таквото поврзување. Во овој дух се и подготовките за одржување на меѓународниот форум за европеизација и соработка во Скопје, што предложивме да се одржи токму во нашава земја.

Има уште еден значаен сегмент од нашата надворешна политика на кој би сакал да го свртам вашето внимание. Воспоставените дипломатски односи со повеќе од 85 земји од сите континенти веќе

претставува солидна основа за најширока меѓународна соработка на нашата земја. Со многу нив, најчесто со целосно почитување на уставното име на нашата земја, се потпишани базичните економски, културни, конзуларни и воено - безбедносни договори врз кои може со реалност да се очекува. во натамошниот период уште позначајно да се унапредуваат односите и соработката. Овде би го истакнал и значењето на меѓународната соработка на ова Собрание. Во таа смисла ние сме отворени кон сите и треба да даваме што е можно повеќе иницијативи за унапредување на врските и соработката на најширок план со сите парламенти и нивните тела.

Можеме да бидеме задоволни сите од досегашните постигнувања и искуства од односите и соработката со скоро сите европски земји, особено со земјите од најблиското окружување, а меѓу нив посебно со Турција. Со сите членки на Европската унија, а особено со СР Германија. Франција, Италија и Велика Британија, остваривме значајни резултати во билатералната соработка. Слично може да се оцени и соработката со членките на Централно - европската иницијатива во која активно учествуваме веќе неколку години, како и со членките на ЕФТА. Нашите односи поодделно заслужуваат внимание и оценка со Соединетите Американски Држави ги карактеризира блискост и ние високо ја цениме американската поддршка на независноста на Република Македонија. Исто така, позитивно се развиваат и нашите односи и соработка со Република Кина, Јапонија и повеќе други земји од далечниот регион. Деновиве ќе го поздравиме и доаѓањето на првиот амбасадор на Руската

Федерација во нашата земја, со уверување дека тоа ќе означи една нова можност и крупен чекор во развојот на македонско- руските односи и соработка, што ќе го изразат пријателските чувства на двата народи и интересите за широка соработка на разни подрачја, особено на економски план.

Република Македонија, со еден збор, ја доби главната битка на меѓународната сцена, а и останува задачата врз овие резултати да ја унапредува својата надворешно - политичка активност, со што ќе се зајакнува меѓународната позиција, безбедноста и прошеритетот на нашата земја. Особено заради фактот што ништо не е еднаш и за секогаш освоено. И денес Балканот е соочен со присутни тензии и неизвесности сврзани со натамошната демократизација во одделните земји, степенот на нивниот развој и неговото пошироко интегрирање во меѓународната заедница. Сето тоа треба решително да се следи и проучува заради реалните можности за загрозување и на нашите витални и државни цели и интересите на сите граѓани на Република Македонија. Во таа смисла одговорноста е пред се на политичките субјекти во земјата независно дали се на власт или во опозиција но и во постојаната грижа и негување на граѓанската лојалност и патриотизмот на граѓаните кон Република Македонија, независно од нивната национална, верска и друга определба.

II

Дами и господа,

Двете основни карактеристики на внатрешно политички план во изминатиов период, беа воспоставувањето на пазарната економија и воспоставувањето на правната држава и парламентарната демократија. Во основа, овие процеси се одвиваа со позитивен тренд , по некогаш побрзо, друг пат побавно, но се одеше напред за навистина кус период и покрај низа проблеми со кои сме соочени остварени се крупни резултати.

Неспорен е фактот дека во Република Македонија преовладеа свеста дека пазарната економија, парламентарната демократија и правната - држава се најбитните услови за опстанок и развој на земјата и за нејзиното вклучување во светските текови. Како типична земја во транзиција таа се соочи со низа крупни проблеми, особено на економско - социјален план, ние не треба пред нив да затвораме очи. Но, сепак и со определени предности во однос на другите земји во транзиција. Во споредба со поранешните членки на СФРЈ, како единствена земја која не учествуваше во војната, успеа побрзо да ги започне остварувањата на пазарните реформи, иако со низа објективни пречки предизвикани од последиците на војната во регионот, блокадите и санкциите. А, во однос на претходните искуства од примената на иако непотполни сепак пазарни механизми во стопанисување.

Тоа особено дојде до израз кога земјата се најде пред предизвици, ако е патот Север - Југ затворен и нема железничка врска со другите два соседи, како ќе ги реши виталните проблеми за извозот, за снабдувањето на земјата, суровини, материјали, со роба за пошироки потреби итн. Во тој момент и во тој период на време нашите

стопанственици покажаа голема способност. која е карактеристична за луѓе кон се спремни на ризик и свесни за значењето на нормалното одвивање на нештата во економијата на Македонија.

Во такви објективни услови. вредно е да се одбележат неколку крупни достигнувања во овој период:

- Република Македонија е една од првите земји во транзиција што го донесе Законот за приватизација. Во релативно кус период обезбеди најголемиот број крупни општествени претпријатија да станат приватна - сопственост. Податоците говорат за преку 800 а денес чув близу 900, претпријатијата се приватизирани и преку 300 илјади работници се акционери, а се очекува до крајот на годинава приближно 90% од фирмите и стопанските капацитети да бидат приватизирани. Тоа е крупен чекор во менувањето на економско - социјалната структура на земјата. Тоа е нова ситуација во која ќе настанат крупни промени и во политичкото и друго структурирање на општеството. И во оваа прилика сакам да подвлечам дека приватизацијата е исклучително чувствителна економско - социјална категорија и процес, но сепак неизбежен. Важно е постојано да го имаме предвид тоа сознание дека тој процес е неизбежен. Исто така, сакам да подвлечам дека тој процес, независно од избраниот модел, не може да биде идеално правичен. Никаде тоа не е случај. При такви промени во внатрешната општествено - економска структура не е возможно во држави кои биле со државна сопственост 90 и преку 90% од вкупните расположливи капацитети на една земја да се очекува дека нивното приватизирање ќе тече по некаква шема утврден

ред, математички пресметано кој што добива. кој што губи итн. Но, сепак моделот што се усвои и применува во Република Македонија, во споредба со голем број други земји, покажа, би рекол, порационален пристап во трансформацијата на сопственоста и расподелбата на сопственоста. А, што е најважно, ја покажува економската ефикасност и оправданост, иако се видливи и одделни по некогаш покрупни недостатоци и појави на неправични приватизации и појави некои на полесен начин да се стекнат со приватната сопственост. Но, тоа се прашања сврзани за активностите за контрола на процесот и можностите да бидат санкционирани злоупотребите.

Она што е, според мене, генерален заклучок тоа е дека процесот на приватизацијата што поскоро целосно треба да биде завршен како најважен услов во системот на пазарната економија, за остварување на новата инвестициона активност, привлекување на странскиот капитал и обезбедување внатрешен стопански забрзан развиток.

- Неспорна придобивка е и фактот дека во изминатиов период во Република Македонија е совладана инфлацијата, обезбедена е стабилност на валутата, стабилност на пазарот и снабденоста. Тоа се битни макро- економски претпоставки врз основа на кои може да почива една програма за подинамичен развој на земјата. Во таа насока многу е значајно што е обезбедена првата значајна фаза за изработка на Програмата за перспективен развој на Македонија до 2020 година. Оваа Програма е од исклучително значење заради насоките за преструктуирање на стопанството, мерките за вработување, за привлеку-

вање на странски капитал, за нова технологија и слично. Факт е дека и со оваа Програма влегуваме во една фаза во која треба да се совладаат неизбежните стихијни делувања на пазарот и внесувањето на елементи на предвидена долгорочна политика за развој. Тоа нема да бидат старите планови во кои ќе гледаме кој процент од што е остварен итн. Во секој случај, магистралните правци на таа долгорочна програма треба да се остваруваат со побрзо или побавно темпо, но да врвиме кон една таква реализација на таа програма. Но, тоа е европски потврдениот модел кој може да ја гарантира стабилноста на генералната стопанска ориентација на земјата и да им ги даде потребните можности на сите стопанските субјекти да ги остварат своите аспирации во услови на модерна пазарна економија.

- Во изминатиов период во земјата дојде до извесно, макар и недоволно, заживување на инвестиционата активност, пред се на планот на инфраструктурните проекти. Нивното започнување е проследено н со заеднички вложувања со странски партнери. Изградбата на новите инфраструктурни објекти и комуникации е од исклучително значење за економијата на земјата, но и услов да ја постави на реална основа геостратешката и економска позиција на Македонија како центар на југот на Балканот. Тоа е всушност и нашата најголема економска предност, бидејќи Македонија е крстопат на релацијата север - југ и исток - запад, односно најбрзите патишта за сретнување на Европа со Азија и

Африка. А, на самиот јужен Балкан средиште од кое на најбрз начин се обезбедува комуникацијата со сите земји во регионот.

Токму врз основа на оваа компаративна предност треба да изнудиме посебни мерки за привлекување на странскиот капитал и инвестиции во Република Македонија. На овој план сеуште недоволно вешто пред светот ги презентираме можностите и условите за инвестирање во Република Македонија. а, сега ни е тоа една од приоритетните задачи, имајќи го предвид развојот на настаните на Балканот по Дејтонскиот мировен договор, остварувањето на Спогодбата за трговска соработка со Европската унија и потпишувањето на договори со земјите во поширокиот регион за слободна трговска размена. Во овој контекст посебно би сакал да го подвлечам значењето на влегувањето на Република Македонија во светската трговска организација. Тоа е процес што ќе потрае извесен период до склучувањето на Договорот со оваа Организација, но многу битен за нашата земја. Бидејќи, ќе ги отвори вратите за нашите производители и трговци под познати и рамноправни услови да имаат пристап на светскиот пазар.

- Нашите граѓани денеска се соочуваат со двата најчувствителни проблеми и за нив овој наш најнизок дом треба отворено да расправа. Тоа се невработеноста и социјалните проблеми во земјата. И во оваа прилика сакам сосема јасно да повторам дека решавањето на овие горливи и тешки проблеми е можно само со јасна стратегија за економскиот развој на земјата и со јасни економско - социјални мерки. Или поточно, со нови инвестиции, преструктуирање на стопанството и поврзување со светскиот пазар. Било какви, веќе чуеви, видени, модели

на административно решавање на овие прашања може да биде само нова, а повторена авантура. Иако тоа спаѓа во редот на политичката и социјална демагогија, што во последно време повторно се нуди во некои политички платформи во земјата, сакам да повторам дека тоа не може да биде решението на овие проблеми.

Дами и господа,

Во изминативе шест години зацврстени се темелите на парламентарната демократија, цивилното општество и правната држава. Тоа беа исклучително значајни години за демократскиот развој на земјата и примената на првите искуства од функционирањето на модерна европска држава. Тоа беше обезбедено со новиот Устав на Република Македонија со големиот број закони донесени во овој период во овој висок дом. Беа одржани два пати непосредни парламентарни избори и постигнати значајни резултати во функционира&ето на Собранието и законодавната власт воопшто. Унапредена е извршната функција на власта. Иако со одредено задоцнување, воспоставена е третата - судската власт и унапредени се стандардите на правната држава. Се разбира, на тој план има уште многу проблеми, особено во реализацијата на тие принципи на правната држава да се работи и да се стори. Формирана е во ова меѓувреме и Армијата на Република Македонија и нејзиното вклучување во евроатланската структура преку проектот "Партнерство за мир". неодамна се одржаа и изборите за

локална самоуправа, со што се регулираат и односите во самоуправната сфера, елемент кој досега недостасуваше.

Токму заради тоа сакам да подвлечам дека Република Македонија навистина бележи позитивен тренд во демократскиот развој во стабилизирањето на функциите во државата. Тоа секако ќе биде и подолгорочен процес кој и во овој момент се соочува со одредени проблеми. Според мене сепак, најважното прашање е да се обезбеди цивилниот карактер на нашето општество, неприкосновената позиција на граѓанинот како носител на суверенитетот на државата. Сето тоа се причини што говорат дека е најсигурна гаранција за повисоки демократски стандарди и човекови права и како најдобра гаранција за демократска контрола на власта, тоа е правната држава. Тој концепт е и најдобрата гаранција за ефикасна законодавна функција, извршна власт и независно судство.

Меѓунационалните односи во Република Македонија се остваруваат релативно стабилно, иако со бројни проблеми карактеристични за земји во кои има повеќе националности, карактеристични за периодот во кој што се наоѓаме и опкружувањето на нашата земја, како и со оглед на социјалната и политичка состојба на општеството.

Сепак основната придобивка во развојот на меѓунационалните односи е Уставот на Република Македонија и неговата темелна определба дека граѓанинот е основен носител на суверенитетот на државата. Тоа постојано треба да го имаме предвид. Во тој поглед, тие кои беа во составот на првото Собрание на Република Македонија добро

помнат какви се дискусии се водеа околу тоа дали е носител на суверенитетот на државата мнозинскиот народ или се носител на сувереноста граѓаните на Република Македонија од новиот до последниот. Врз вековните традиции на меѓусебното разбирање и толеранција и врз определбата за примена и почитување на светските стандарди за човековите и малцинските права, Република Македонија а се определи да ги решава прашањата на меѓунационалните односи, што е можно побрзо, но секој ден да има некој чекор напред. Тоа се покажа како услов за внатрешната стабилност и демократски развој на земјата, но и како фактор на стабилноста на југот на Балканот.

За жал, меѓунационалните односи, заради својата чувствителност, не ретко се повод за одделни политички шпекулации и влијанија. Особено заради фактот што Република Македонија со Уставот и законите, како и со својата долгорочна и актуелна политика, се определи против колективистичката свест и модел на решавање на националното прашање. И особено заради фактот што најголемиот број од граѓаните на Република Македонија не се определија за националистички концепти и платформи. Тој критичен момент кога таа еуфорија ја зафати речиси цела поранешна СФРЈ, тој критичен момент го избегна Македонија кога на првите парламентарни избори оние партии кои беа со националистички предзнак не успеаја да добијат мнозинство на изборите и оттогаш постојано имаме во практика како да живеат тие тези, едната и

другата да се спротивставуваат, но би рекол со едно се пошироко сознание дека граѓанинот е тој столб од кој треба да тргне секоја правна држава и тој да биде носител на суверенитетот на државата.

Политичките манипулации и влијанија доведоа до радикализација на политичкото расположение во земјата особено во етнички мешаните општини. Ваквите радикализации се со јасна цел да се негираат основните принципи врз кои почива Уставот на Република Македонија или поточно неговиот граѓански концепт. Исто така, тоа се платформа за радикална ревизија на се она што е постигнато во периодот од воспоставувањето на независноста до сега и за радикално преуредување на основите на системот на државата. Токму затоа тие се препознаваат било во идеите за етнички универзитети, федерализација на земјата, било во платформите за негирање на правата на националностите или нивно ограничување. Јас сум длабоко уверен дека ваквите концепти нема да наидат на поширока поддршка меѓу граѓаните на Република Македонија кои имаат доволно искуство да проценат дека тоа се рецепти за меѓуетнички конфликт и судири а традицијата на нашиот народ и на националностите кои живеат во Македонија, јасно говори дека ние никогаш во историјата не сме имале меѓусебни војни и конфликти. Ако тоа умееле да го почитуваат и со тоа сознание да се служат нашите дедовци и прадедовци, мислам дека ние мораме да покажеме една посилна спремност да се соочиме со тоа сознание и да го

следиме тоа сознание, се друго , за жал, не е во интерес на стабилноста и перспективниот развој на Република Македонија.

И да завршам почитувани дами и господа, пред вас стои не помалку тежок период, во тој п оглед не треба да имаме илузии и никој од нас, без оглед што во целото мое истапување пред вас, се обидов да ги подвлечам овие крупни магистрални придобивки што нашата земја ги оствари по создавањето од независноста наваму, но исто така е сосема јасно дека преобразбата на нашето општество на економско социјален план е пред нас и проблеми кои произлегуваат од тој комплекс на прашања, мораме да ги имаме пред очите како нешто без што конечно не е можна ни стабилноста и независноста на Република Македонија. Затоа главната активност во наредниот период, се надевам, ќе биде токму насочена на внатрешен план, на двете клучни активности, на новиот инвестиционен циклус, на реализацијата на морам да кажам, смелата и храбрата програма што ја предлага Владата, предлагајќи го овој буџет и мерките што ќе следат по него, бидејќи тоа е гаранцијата да се сочува економската стабилност, но и да се забрзаат оние процеси кои ќе почнат да даваат резултати со промените, како што следат една по друга. Тоа нема да биде, да повторам ниту лесна , ниту краткорочна задача. Токму затоа најважно е да се постои на основните цели за кои се определија нашите граѓани  пазарните реформи и демократијата и, секако, поддршката на политичките програми што ги обезбедуваат тие цели.

Ви благодарам за вниманието.(бурен аплауз)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Му благодарам на Претседателот за неговото обраќање.

Ја заклучувам 57-та седница на Собранието на Република Македонија.

Предлагам пауза од 30 минути.

По паузата ќе продолжиме со работа по 56-та седница.

(Седницата заврши со работа во 13,15 часот).